# СЛАВИЦАЃОРЃИЈОСКА ДИПЛ.МЕДИЦИНСКА СЕСТРА ВО ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА КИЧЕВО (07.02.-26.02.2016)

# ЕДУКАЦИЈА ВО ОДЕЛЕНИЕТО ЗА ГАСТРОЕНТЕРХЕПАТОЛОГИЈА И ПУЛМОЛОГИЈА ВО БОЛНИЦА ТОКУДА - СОФИЈА



- **МБАЛ ТОКУДА БОЛНИЦА СОФИЈА** постои 9 години и таа е првата приватна болница во Бугарија со  целосно странски капитал.Изградена е нова наменска зграда од 52000 квадратни метри на 11 спрата од кои еден е под земја.
- Болницата располага со 37 клиники и одделенија 3 хирушки блока со 22 операциони сали,дијагностички центар во кои секоја година поминуваат по 275 иљади пациенти од кои 2500 од странство и се вршат над 13 иљади операции.
- Болницата е опремена со најсовремена медицинска опрема.

- Во текот на нашиот престој во болницата Токуда се запознавме со болницата и нејзините карактеристики.
- Уште од првиот ден добивме картичка за да можеме слободно да се движиме низ болницата на која пишуваше

“СЕ ОБУЧУВА”.

- Јас присуствував на одделението за гастроентерохепатологија кое се наоѓаше на седмиот кат од болницата.Секое утро бев присутна на утринска визита.
- Се запознав со персоналот и работата на одделението, примањето на пациентите, запис на болниот при прием во болнички кревет и припремање за испитување.
- Најпрво на пациентите при прием им правевме ЕКГ па потоа стававме канили и земавме крв за лабораториско испитување,а потоа болниот се сместуваше во болничка соба.

- На одделението за гастроентерологија имаше околу 40 легла распоредени во шесткреветни,трокреветни и еднокреветни соби.Во секоја соба имаше тоалет.
- После утринската визита сестрата почнуваше со спремање на терапија за болните.
- Пациентите беа максимум задржувани до 4 дена со  исклучок на некои  потешко болни.

- Присуствував  во кабинетот за ендоскопија каде што се правеа колоноскопии и гастроскопии.Секоја ден имаше по повеќе од 10 интервенции.При правење на колоноскопија и гастроскопија се земаше биопсија и материјал за цитолошко и хистолошко испитување.
- Многу стручно и брзо се вршеше остранување на полипи при колоноскопија и се правеше склерозација при крварење на улкус на желудник.

- Се запознав  со работата на сестрата и асистирањето при самите интервенции  и чистење на инструментите, гастроскопот, колоноскопот  после интервенцијата.
- На повеќето пациенти кои се правеа гастроскопија и колоноскопија им се даваше анестезија.После интервенцијата пациентите се пренесуваа на вториот кат на анестезија  каде што престојуваа два часа и после се носеа на одделение.
- Исто така присуствував и при правење на црнодробни биопсии и припрема на потребниот материјал за самата интервенција.
- Присуствував и при реанимација на пациентка која беше брзо реанимирана.

- Во втората седмица престојував на одделението за пулмологија кое исто  така се наоѓаше на седмиот кат од спротивната страна.
- Секое утро присуствував на утринска визита .Одделението имаше дваесет легла.
- На одделението лежеа тешко болни пациенти со карциноми,тешки пнеумонии ХОББ и астма.
- Потешките пациенти беа приклучени на неинвазивна вентилација со кислород.
- На одделението помагав при ставање на инфузии,канили,мускулни инекции и правење на ЕКГ.
- Бев присутна и во ендоскопскиот кабинет каде што се припремаа пациентите за бронхоскопија и се правеа бронхоскопии.При интервенцијата се земаше материјал за биопсија и материјал за хистолошко и цитолошко испитување.
- Имаше и пациент суспектен за ТБЦ и кај него беа земени материјали за испитување.
- Исто така бев присутна и при правење на плеврална пункција и припрема на потребниот материјал за самата интервенција.
- Во амбулантата за пулмологија се правеа и спирометрии со многу современ апарат за спирометрија.

- Во последната седмица присуствував на одделението за гастроентерохепатологија и неколку денови на одделението за пулмологија.
- Посебно ме воодушеви редот во болницата,дисциплината во работата,коректниот однос при прием на пациентите и односот на пациентите кон персоналот .
- Во болницата постои голема колегијалност,дисциплинирана атмосфера,беспрекорни услови за работа и современа апаратура.

# БЛАГОДАРАМ